# „Кој ќе се избања во петок како што се бања после џенабет, а потоа порано тргне во џамија, ќе биде награден како да жртвувал камила

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе се избања во петок како што се бања после џенабет, а потоа порано тргне во џамија, ќе биде награден како да жртвувал камила. Кој ќе тргне во вториот час, ќе биде награден како да жртвувал крава. Кој ќе тргне во третиот час, како да жртвувал овен со рогови. Кој ќе тргне во четвртиот час, како да жртвувал кокошка. А кој ќе тргне во петтиот час, како да жртвувал јајце. А кога имамот ќе почне со хутбата, мелеците пристапуваат и го слушаат потсетувањето.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува за вредноста на раното одење на џума намаз. Времето на раното одење започнува од изгрејсонцето и трае сè до доаѓањето на имамот, што претставува временски период од пет часа. Овој период е поделен на пет делови според времето помеѓу изгрејсонцето и моментот кога имамот ќе пристигне и ќе се качи на минберот за хутбата: Прво: Кој ќе се искапи целосно, како што се капи после џенабет, и ќе тргне кон џамијата во првиот час, ќе биде награден како да дал како садака камила. Второ: Кој ќе тргне во вториот час, ќе биде награден како да дал садака крава. Трето: Кој ќе тргне во третиот час, ќе биде награден како да дал садака овен со рогови. Четврто: Кој ќе тргне во четвртиот час, ќе биде награден како да дал садака кокошка. Петто: Кој ќе тргне во петтиот час, ќе биде награден како да дал садака јајце. А кога имамот ќе излезе за да ја одржи хутбата, мелеците што седеле кај вратите и ги запишувале оние кои први дошле во џамијата престануваат да пишуваат и се придружуваат на собирот за да ја слушаат хутбата и потсетувањето.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5393